Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-215/3
06-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-215/1 од 08.04.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] за сторена дискриминација по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 06.06.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] од Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-215/1 од 08.04.2022 година од подносителот [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Согласно наводите од претставката, лицето [redacted] на ден 04.04.2021 од својот кориснички профил на социјалната мрежа Фејсбук цитирал истражувања кои што се еднострани и погрешни, а се цитираат со цел да се дојде до поентата дека хомосексуалноста не е вродена, туку дека хомосексуалците се болни, перверзни и штетни. Во претставката е наведено дека [redacted] во јавноста ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал на начин што на својот профил под името [redacted] објавил истражување кое Унгарија на претседателските избори одржала референдум за законот против педофили т.е против промоција на ЛГБТ и сексуални содржини на малолетници и ги набројал прашањата на кои Унгарците одговарале по однос на ова истражување. Покрај наведеното [redacted] во објавата го поставил прашањето дали е мудро и кај нас да се искористат следните избори за да се изјасни народот во наведените прашања.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имајќи ги во предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7, од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 18.04.2022 година испрати известувања до [redacted] со цел да се произнесе по наводите од претставката..

Во законски предвидениот рок од чл. 24, ст. 7, [redacted] не достави поднесок за произнесување, па Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во изготвувањето на ова мислење ги зеде предвид само наводите од претставката на подносителот.

Имајќи ги предвид фактите на случајот и содржината на приложената објава, Комисијата констатира дека лицето [redacted] на својот профил на социјална мрежа Фејсбук објавил статус со цитирано истражување кое што го спровело Унгарија на претседателските избори, кое само по себе има информативен карактер и не продуцира вознемирување. дека хомосексуалноста не е вродена, туку дека хомосексуалците се болни, перверзни и штетни. Дополнително, во претставката е наведено дека текстот бил предмет на допаѓања, коментари и споделувања меѓу другите учесници на социјалната мрежа, меѓутоа, од доставените докази кон претставката се констатира дека подносителот не сторил веројатно дека има дискриминација, односно подносителот во прилог кон претставката не ги доставил наведените вознемирувачки коментари со кои што се повикува, поттикнува и се дава инструкција за дискриминација што значи дека во објавената текстуална содржина не е исполнета законската дефиниција за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од членот 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*"Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Комисијата смета дека со објава на истражување кое што го спровело Унгарија на претседателски избори лицето [redacted] немал за цел повреда на достоинство на лице или група на лица, ниту создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, а со тоа не ја исполнува законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторено вознемирување по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted]

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
1. [redacted]
2. [redacted]
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk